InnoTech Club: Платформа за промоција на наука, технологија и иновации

Во рамките на проектот „Ино Тех Клуб платформа“, *Проф. д-р Емилија Арсов*, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како дел од Бордот на експерти, во текот на 2020 г., активно учествуваше во промоција и поттикнување на младите во нашата земја да се заинтересираат за наука, технологија и иновации.

Проектот имаше за цел преку организирање и одржување на настани, младите да добијат прилика да ја сфатат значајната улога на науката и технологијата во развојот на општеството. Овој проект е своевиден пристап кон одржлив економски развој во нашата земја бидејќи го стимулира активното учество на младите во проекти поврзани со технолошки развој и иновации и избор на професија која припаѓа на техничките науки.

Промотивни настани беа организирани како Inno Cafe настани на кои реномирани експерти од областа, менаџери на технолошки развиени компании, млади инволвирани во овие области и истакнати универзитетски професори да го споделат свите искуства во областа на науката, технологијата и иновациите со цел да се мотивираат и останатите.

**Со почит,**

**Игор Јорданов, претседател на Ино Тех Клуб**

ИНО ТЕХ КЛУБ
ШТИП